# ООУ „Тошо Велков Пепето“Кавадарци




*С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А*

*на училиштето за учебната 2025/2026 година*

ТИМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА.......................................................................................................

ПОДРАЧЈЕ 1  ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ.......................................................................................................

Индикатор 1.1 Планирања на наставниците.......................................................................................................

Индикатор 1.2 Наставен процес .......................................................................................................

Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето .......................................................................................................

Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата

Индикатор 1.5 Вонннаставни активности и натпревари

ПОДРАЧЈЕ 2 ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ .......................................................................................................

Индикатор 2.1 Постигнувања на учениците .......................................................................................................

Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата .............................. ...................................................

ПОДРАЧЈЕ 3 УЧИЛНИШНА КЛИМА.......................................................................................................

Индикатор 3.1 Училишна клима и односи во училиштето.......................................................................................................

Индикатор 3.2 Еднакввост и правичност .......................................................................................................

Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата .......................................................................................................

Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците.......................................................................................................

ПОДРАЧЈЕ 4 УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето.......................................................................................................

Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика .......................................................................................................

РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА.......................................................................................................

**Вовед**

Извештајот е изготвен врз основа на член 129 од Законот за основно образование (“Службен весник на Р.С.Македонија, бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25)и новите индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН, ДПИ и МЦМС.

**Лична карта на ООУ “ Тошо Велков Пепето “- Кавадарци**

Општинското основно училиште „***Тошо Велков- Пепето“*** е лоцирано од десната страна на реката Луда Мара во непосредна близина на Општинскиот суд - Кавадарци.Училиштето се наоѓа на ул. „Димката Ангелов - Габерот“ бр.27, во месната заедница Страшо Пинџур.

Општинското основно училиште „***Тошо Велков- Пепето“***започна со работа во септември 1984 година, а е изградено со местен самопридонес на граѓаните со цел градот да добие едно модерно училиште што ќе одговара на педагошките стандарди и норми.

Училиштето е градено наменски од тврда градба, а затоплувањето е со парно греење со тврдо гориво (дрва и пелети).

Од матичната документација на училиштето се гледа дека во училиштето до денес основното образование го завршиле повеќе од 3000 ученици.

Работата во училиштето се одвива во еден објект со внатрешна површина од 4000 метри квадаратни. Училиштето располага со дворна површина од 6300 метри квадратни од кои 2048 се уредена озеленета површина на која е поставен летниковец соодветен за реализација на настава во природа, а останатиот дел се спортски терени и патеки. Располага и со фискултурна сала со површина од 305 метри квадратни.

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик во две смени и тоа: од прво до петто одделение предпладневна смена и од шесто до деветто одделение во попладневна смена и обратно.

Според Законот за основно образование училиштето организира прифаќање на учениците еден час пред наставата, како и час по завршувањето на наставата во согласност со потребите на родителите. Исто така училиштето организира и продолжен престој за учениците од прво до петто одделение согласно барањата на родителите.

***Мапа на училиштето***



## *Општи податоци за училиштето*

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Тошо Велков –Пепето“ |
| **Адреса, општина, место** | Димката Ангелов – Габерот, 27, Кавадарци, Кавадарци |
| **Телефон** | 043 418 191 |
| **Фах** | 043 418 191 |
| **Директор** | Диме Мукаетов |
| **Е-маил** | tosovelkovpepeto2020@yahoo.com |
| **Основано од** | Општина Кавадарци |
| **Верификација- број на актот** | 10-2745/1 |
| **Година на верификација** | 1992 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски |
| **Година на изградба** | 1984 |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Површина на објектот** | 3995 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 6300 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 4252 м2 |
| **Училиштето работи во смени** | Да |
| **Начин на загревање на училиштето** | на тврдо гориво (дрва и пелети) |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 30 |
| **Број на смени** | Две |

.

## *Просторни услови за работа на училиштето*

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | Две |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Бруто површина** | 6300 м2 |
| **Нето површина** | 4000 м2 |
| **Број на спортски терени** | Два |
| **Број на катови** | Приземјеи кат |
| **Број на училници** | 22 |

| | |
|---|---|
| **Број на помошни простории** | 6 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | на тврдо гориво (дрва и пелети) |

**Ресурси со кои располага училиштето**

**Просторни услови**

Училишната зграда располага со функционални просторни услови за изведување на воспитно-образовната дејност во училиштето.
Димензиите на училниците се во склад со педагошките нормативи.

**Материјално технички ресурси**

Училиштето се финансира од општината (државата). Дел од средствата за материјал и опрема ги добива од проекти и од издавање на простории под закуп: фискултурната сала и други училишни простории.

**Човечки ресурси**

Од вкупниот број на вработени во училиштето, 48 се наставници. Според стручната подготовка на наставниците станува збор за високо едуциран наставен кадар кој перманентно, индивидуално и организирано работи на личното и организациското усовршување.

| | вкупно | Етничка и полова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | Ж |
| **Број на вработени** | 64 | 8 | 56 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 48 | 5 | 43 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Наставник ментор** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | |
| **Број на стручни соработници** | 3 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 11 | 3 | 8 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | 1 | | / | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Помошник директор** | 0 | / | 0 | / | / | / | / | / | / | / | / |

***Степен на образование на вработени***

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **Високо образование** | 52 |
| **Виша стручна спрема** | 1 |
| **Средно образование** | 8 |
| **Основно образование** | 3 |

***Структура на вработени***

| **Години** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **20-30** | / |
| **31-40** | 30 |
| **41-50** | 26 |
| **51 – пензија** | 8 |

***Број на ученици:***

Бројната состојба на учениците во периодот во кој е извршена самоевалуацијата е следната:

| **Одд.** | **Бр. на паралелки** | **Бр. на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Други** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | 3 | 65 | 39 | 26 | | | | | 4 | 3 | | |
| **II** | 3 | 45 | 24 | 21 | | | | | 1 | 2 | | |
| **III** | 4 | 68 | 34 | 34 | | | | | 2 | 2 | | |
| **IV** | 3 | 67 | 38 | 29 | | | | | 3 | / | | |
| **V** | 3 | 71 | 33 | 38 | | | | | / | 1 | | |
| **I – V** | **16** | **316** | **168** | **148** | | | | | **10** | **8** | | |
| **VI** | 3 | 59 | 37 | 22 | | | | | 2 | 1 | | |
| **VII** | 4 | 58 | 34 | 24 | | | | | 2 | | | |
| **VIII** | 4 | 80 | 51 | 29 | | | | | | 2 | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IX | 3 | 64 | 34 | 30 | | | | | | | | |
| **VI - IX** | **14** | **261** | **134** | **127** | | | | | **4** | **3** | | |
| **I - IX** | **30** | **577** | **302** | **275** | | | | | **14** | **11** | | |

***Наставен јазик***

| | Наставен јазик-македонски | Наставен јазик-албански | Наставен јазик-турски | Наставен јазик-српски |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 30 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 577 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 48 | / | / | / |

**Извори и средства за користење на податоци потребни за спроведување на Самоевалуацијата**

Во процесот на спроведување на самоевалуацијата беше користена целокупната евиденција и документација на училиштето, податоци од професионалните досиеја на наставниците, како и резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите во секое од подрачјата.

**Тим за спроведување на самоевалуацијата**

Врз основа на чл.129 од Законот за основно образование (“Службен весник на Р.С.Македонија, бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25) а во врска со чл.3 од Правилникот за начинот на спроведување на самоевалуацијата во ООУ „Тошо Велков-Пепето“ Кавадарци, на предлог на Директорот на училиштето, УО на седницата одржана на 14. 4. 2025донесе одлука за формирање училишна комисија за спроведување на самоевалуацијата во ООУ„Тошо Велков-Пепето“, Кавадарци.

**Комисијатае составена од следните членови:**
**1. Диме Мукаетов - директор**
**2.Лилјана Шемова– педагог**
**3.Верџинија Стојкова- психолог**
**4. Зорица Милкова– наставник ментор/наставник по одделенска настава**
**5. Орхидеа Димовска – наставник по биологија**
**6. Стефан Ацев – претседател на Совет на родители**

**Време на спроведување на самоевалуацијата**

Самоевалуацијата е спроведена во периодот од две наставни години (2025г.-2026г.) согласно Законот за основно образование

**Работните групи ги сочинуваа следните наставници:**

| 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ | 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ | 3. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО |
|---|---|---|
| **М.Гркова-кординатор**<br>**М.Кабранова-заменик кординатор**<br><br>Ф.Пендева<br>И.Стефанова<br>З.Стојанчевска<br>Е.Јанева<br>М.Камчевски<br>В.Коцева<br>К.Колева<br>Е.Петрова<br>В.Пецов | **М.Василева- кординатор**<br>**М.Бачева-заменик кординатор**<br><br>К.Ангелова<br>И.Коцева<br>Н.Василева<br>М.Ристовска<br>Л.Петрова<br>Г.Клинчаров<br>В.Богев<br>Б.Баснаркова<br>Г.Богева<br>Н.Добринов | **Р.Матаков- кординатор**<br>**Т.К.Попова- заменик кординатор**<br><br>З.Колева<br>Н.Тодорова<br>Н.Јосифова<br>Б.Клинчарова<br>Д.Димова<br>С.Самарџиева<br>А.Ефремов<br>А.Кузманова<br>Б.Баснаркова |
| **4. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**<br><br>**М.Димова- кординатор**<br>**Т.Спирова- заменик кординатор**<br><br>С.Колева<br>А.Гајиќ<br>В.Темков<br>С.Ристовска<br>В.Јованова<br>Т.Стојанова<br>П.Мелов | | |

| ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ | | |
|---|---|---|
| **број** | **Индикатор** | **Теми** |
| 1.1 | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето |
| 1.2 | Наставен процес | • Реализација на наставни планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно<br>• Планирање и реализација на образовна инклузија<br>• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието |
| 1.3 | Искуства на учениците од учењето | •Средина и атмосфера за учење<br>•Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците |
| 1.4 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи, форми и инструменти на оценување<br>• Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 1.5 | Воннаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Натпревари |

| ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ | | |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигнувања на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Резултати од екстерни тестирања<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попречености<br>• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците |
| 2.2 | Мерки за подобрување на постигањата | • Редовност во наставата<br>• Советување на родители/старатели и ученици<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава |
| **ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА** | | |
| 3.1 | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 3.2 | Еднаквост и правичност | • Познавање и почитување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици |
| 3.3 | Партнерски однос со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница |
| 3.4 | Севкупна грижа за учениците | • Превенција и заштита од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>• Грижа за учениците со емоционални тешкотии<br>• Давање помош при изборот за продолжување на образованието |

| ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ | | |
|---|---|---|
| 4.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>Управување и раководење со ресурсите<br>Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес |
| 4.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојно планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

1. **Подрачје: Планирање, настава и учење**

| Индикатор | Теми | Дескриптори |
|---|---|---|
| Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците | **Многу добро**<br>Училиштето обезбедува редовно следење на планирањата најмалку двапати по полугодие, со активна улога на директорот и стручната служба. Наставниците добиваат насоки и поддршка при изготвување планови, а постои и систем за размена на искуства во рамки на стручните активи. Електронскиот дневник се пополнува навремено и редовно. Наставниците се поддржани при својот професионален развој. Сепак, дел од наставниците укажуваат на недостиг од навремени и современи обуки. |
| | • Размена на искуства и информации при планирањето | **Многу добро**<br>Размената на искуства и информации при планирањето во училиштето е на функционално ниво, со јасно воспоставени канали на комуникација меѓу наставниците, учениците и родителите.<br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно, разменуваат искуства и идеи за планирањето, се консултураат со колеги од други стручни активи и сродни предмети. Наставниците во своите годишни програми ги планираат активностите кои ќе ги реализираат во текот на наставната година. Стручната служба ги следи нивните планирања два пати во секое полугодие. Наставниците се следени од директорот, психолошко-педагошката служба најмалку два пати во полугодие , од страна на советници од БРО и од страна на ДПИ. Поддршката од директорот и стручната служба е преку насочување, следење, анализирање, активирање и мотивирање на работата на вработените, поттикнување за професионален развој, поддршка со создавање подобри услови за работа преку снабдување на наставни средства и помагала, стручна литература, овозможување присуство на интерни и екстерни стручни усовршувања – семинари и обуки и снабдување дополнителни материјали за ефективна и ефикасна настава. |

**Документи**
Наставни планови и програми донесени од МОН
Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование

**Извори на податоци**
Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници;извештаи од стручни соработници за следени планирања.

| | | |
|---|---|---|
| Наставен процес | •Реализација на наставни планови и програми | **Многу добро**<br>Наставата се реализира согласно важечките наставни планови и програми, при што наставниците ги следат предвидените цели, содржини и очекувани резултати од учењето. Наставните активности се усогласени со годишното и тематското планирање, а содржините се прилагодуваат на возраста, можностите и интересите на учениците. Наставата е редовна и се одвива според предвидениот распоред.Во наставниот процес се применуваат различни методи и форми на работа со цел да се овозможи активно учество на учениците и подобро разбирање на наставниот материјал. Наставниците користат соодветни наставни средства и материјали и посветуваат внимание на индивидуалните потреби на учениците, поттикнувајќи ја нивната мотивација за учење. Реализацијата на наставата се одвива во позитивна и работна атмосфера, со почитување на планираната динамика и предвидениот фонд на часови, што придонесува за квалитетно спроведување на наставните планови и програми. |
| | • Избор на наставни предмети | **Многу добро**<br><br>Изборните, слободните изборни предмети, како и слободните ученички активности се бираат во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и пропишаните училишни процедури. Процесот е транспарентен и насочен кон интересите и потребите на учениците, при што се овозможува нивно активно учество и информиран избор. Учениците ги избираат предметите согласно сопствените интереси, а училиштето обезбедува навремени и јасни информации и стручна поддршка во текот на целиот процес. На тој начин се обезбедува усогласеност меѓу понудата на наставни предмети и образовните потреби на учениците, со континуирана можност за унапредување на процесот. |
| | • Избор на задачи, активности и на ресурси | **Многу добро**<br><br>Изборот на задачи, активности и ресурси е усогласен со наставните планови и програми и е насочен кон остварување на целите и очекуваните резултати од учењето. Наставниците применуваат разновидни задачи и активности и користат различни наставни ресурси со цел активно вклучување на учениците и прилагодување на наставата на нивните потреби.<br>При планирањето и реализацијата на наставата се применува диференциран пристап, при што наставниците изработуваат ПОП за учениците на кои им е потребна дополнителна поддршка. Образовните асистенти соработуваат со наставниците во адаптацијата и |

| | | |
|---|---|---|
| | | реализацијата на задачите и активностите и обезбедуваат континуирана поддршка на учениците.<br>Севкупно, изборот на задачи, активности и ресурси придонесува за квалитетна и инклузивна настава, со можност за понатамошно унапредување.<br>При реализирањето на наставата се користат смарт табла, лап топ, проектор, по потреба и телефони. Секој наставник согласно индивидуалните потреби на ученикот организира додатна и дополнителна настава. Сите ученици имаат еднакви можности за вклучување во наставата преку различни техники и методи. |
| | • Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | **Многу добро**<br><br>Односите меѓу наставниците и учениците во училиштето се во најголем дел позитивни и конструктивни. Учениците се чувствуваат охрабрени активно да учествуваат во наставниот процес. Тие имаат можност слободно да ги искажуваат своите мислења и ставови на часовите. Наставниците создаваат атмосфера на доверба во која учениците можат без страв да поставуваат прашања. Ова придонесува за зголемена мотивација и ангажираност кај учениците.<br>Учениците ја препознаваат поддршката и охрабрувањето од страна на наставниците. Наставниците редовно даваат насоки за подобрување на постигањата. Во наставата се применуваат различни методи и пристапи за поттикнување на активна интеракција. Наставните активности се прилагодуваат на индивидуалните потреби на учениците. Наставниците покажуваат професионална посветеност во работата со учениците.<br>Интеракцијата меѓу учениците е во најголем дел функционална и позитивна. Учениците соработуваат при групна работа и заеднички активности. Се поттикнува меѓусебна поддршка и почитување. Вonнаставните активности овозможуваат дополнителна интеракција меѓу учениците. Учениците покажуваат подготвеност за учество во различни активности.<br>Сепак, постои простор за понатамошно унапредување на меѓусебната соработка. Потребно е дополнително поттикнување на тимската работа. Корисно е да се зголеми интеракцијата меѓу ученици од различни одделенија. Овие активности можат да придонесат за посилно чувство на заедништво. Интеракцијата меѓу наставниците и учениците претставува значајна силна страна на училиштето.Интеракцијата меѓу учениците во училиштето е во најголем дел позитивна и функционална. Учениците покажуваат подготвеност за соработка и меѓусебна поддршка. Во текот на наставата често се применува групна и работа во парови. Овие форми на работа придонесуваат за подобра комуникација меѓу учениците. Учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | активно учествуваат во заеднички активности. |
| | • Планирање и реализација на образовна инклузија | **Многу добро**<br><br>Задачите и активностите на часовите се приспособуваат според индивидуалните потреби на учениците, а соработката со образовните асистенти и стручната служба на училиштето е на високо ниво.<br>Во училиштето образовната инклузија се реализира систематски. Наставниците ја прилагодуваат наставата според различните стилови на учење на учениците, користат различни наставни материјали и методи за проверка на знаења, и ги мотивираат учениците да се вклучат активно во часовите и во проекти. Учениците имаат можност слободно да се изразуваат и да избираат дел од воннаставните активности, а поддршката и насоките од наставниците се редовни и индивидуализирани.<br>Во училиштето постои организација на поддршка преку инклузивни тимови кои ја следат и поддржуваат наставата и напредокот на секој ученик со ПОП. ИОП се изработува согласно препораките од надлежните институции, во соработка со наставници, образовни асистенти и ресурсни центри.<br>Најчестите предизвици се поврзани со присуството на некои ученици, како и соработката со дел од родителите, но со постојана комуникација со образовните асистенти и стручната служба овие предизвици се надминуваат.<br>Соработката со надлежниот ресурсен центар е на високо ниво и редовна, што обезбедува навремена поддршка и професионални насоки. Наставниците, учениците и родителите ја оценуваат училиштната средина како инклузивна, мотивирачка и поддржувачка, што ја потврдува ефективноста на планирањето и реализацијата на образовната инклузија. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | **Добро**<br><br>Постојат годишни програми за МИО активности, но реализацијата е делумна и не е доволно систематизирана. Родителите и учениците укажуваат на недоволна видливост. Наставниците по странски јазици реализираат часови со интеркултурни активности кои се застапени во наставните програми,во рамкина редовната настава или воннаставните активности.<br>Има склучено меморандум за соработка со НВО, ЕКО ЖИВОТ Кавадарци и НВО, СППМД |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>Кавадарци, а МИО активности се реализираат со ограничени групи на ученици со збратименото училиште ООУ „Крсте Петков Мисирков“Радовиш.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Документи<br>Концепција за основно образование<br>Концепција за инклузивно образование<br>Водич за слободните изборни предмети во основното образование<br>Водич за работа на Училишниот инклузивен тим<br>Водич за слободни изборни предмети<br>Упатството за организирање заеднички наставни часови<br><br>Извори на податоци<br>Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е-дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од од тимови за училишна интеграција (ТУИ), материјали од постапката за определување изборни / слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети.</td></tr>
<tr><td>Искуства на учениците од учењето</td><td>• Средина и атмосфера за учење</td><td>Многу добро<br><br>Учениците ја доживуваат училишната средина како безбедна, мотивирачка и пријатна за учење, што ја поттикнува нивната активност, интерес и социо-емоционален развој. Тие можат слободно да ги изразуваат своите мислења на часовите и да поставуваат прашања кога нешто не им е јасно, што создава доверлива и поддржувачка атмосфера. Наставниците ја прават наставата интересна и разновидна, користејќи различни методи и наставни материјали, како презентации, работа во групи, насочена дискусија и интерактивни задачи, со што учениците полесно ги совладуваат наставните единици.<br>На часовите, учениците се поттикнуваат да размислуваат самостојно и критички, да изведуваат заклучоци и активно да учествуваат во наставниот процес. Наставниците ги запознаваат учениците со очекувањата и критериумите за оценување и обезбедуваат редовна и индивидуализирана поддршка. Учениците добиваат насоки за подобрување на нивното учење, како и афирмативни коментари за вложениот труд и постигнатите резултати, што ја зголемува нивната мотивација и самодоверба.<br>Покрај наставата, учениците имаат пристап до различни материјали за учење, што ја</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | олеснува подготовката и совладувањето на наставните теми. Наставниците активно ги мотивираат и поттикнуваат учениците за учество во проекти и активности, овозможувајќи им да развиваат вештини за критичко размислување, решавање проблеми и граѓанско учество. Ваквата средина овозможува учениците да се чувствуваат вреднувани, да се вклучуваат во групата и да придонесуваат за подобрување на процесот на учење и наставата како целина. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | **Многу добро**<br>Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците и преземаат различни активности за нивно задоволување и отстранување на пречките во учењето. Овие активности вклучуваат индивидуални и групни разговори наставник–ученик и наставник–родител, како и организирање настава на различни нивоа на прилагодување, вклучувајќи индивидуализирана и подиференцијализирана настава, како и дополнителни часови за учениците кои имаат потреба.<br>Наставниците користат различни интерактивни техники и наставни методи, со што сите ученици имаат еднакви можности за активно учество и постигнување на планираните цели. На овој начин се обезбедува инклузивна, мотивирачка и прилагодена наставна средина, која овозможува секој ученик да напредува според своите потреби и потенцијали. |
| **Извори на податоци**<br>Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници. | | |
| Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика на оценување | **Многу добро**<br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, кое е континуирано, дијагностичко, формативно и сумативно. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Учениците и родителите се запознаени како со стандардите за оценување, така и со критериумите на оценување по секој наставен предмет. |
| | • Методи, форми и инструменти на оценување | **Многу добро**<br>Поголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно) и при тоа даваат усна и писмена повратна информација. Учениците се |

| | |
|---|---|
| | вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро честопати проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Се оценуваат усните и писмените одговори со различни нивоа на барања според способностите на учениците ( тестови, контролни задачи, наставни листови, писмени задачи), како и проектните активности и степенот на ангажираност во наставните и вонннаставните активности. Се оценува описно и бројчано, согласно барањата на ЗОО.<br>Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа.<br>Родителите и учениците редовно се информирани за постигањата на учениците. Училиштето има утврдено систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца, кој доследно се применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и дадена препорака за подобрување на постигнувањата за секој ученик посебно. Родителите добиваат извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете за секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. |
| • Коефициент на континуитет на успехот на учениците | **Многу добро**<br><br>Во училиштето наставниците и стручната служба водат целосна и уредна евиденција за напредокот и постигнувањата на учениците, која опфаќа континуирано оценување – формативно и сумативно, редовност- присуство, како и за нивното активно учество и мотивација во наставата и вонннаставните активности. Портфолијата на учениците содржат информации за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој, како и потенцијалите на секој ученик. Следењето на напредокот се евидентира, а родителите редовно се известуваат на родителски средби и индивидуални состаноци и можат да го следат успехот и напредокот на своето дете преку Е-дневникот.<br>На крајот на секое тримесечие и полугодие, наставниците и одделенските раководители поднесуваат извештаи за успехот на секој ученик, успехот по предмети, редовноста и активностите на учениците, како и изречените педагошки мерки. Изготвените извештаи се користат за анализа на континуитетот на успехот и за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.<br>Учениците кои постигнуваат континуиран одличен успех и забележителни резултати преку активности, проекти и натпревари, согласно Правилникот за пофалби и награди, добиваат дипломи и пригодни награди од училиштето, со цел мотивирање за понатамошна |

| | | |
|---|---|---|
| | | посветеност и активно учество во наставата и воннаставните активности. |
| | •Користење на информациите од оценувањето во наставата | **Многу добро**<br>Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. |

**Документи**
Концепција за основно образование
Стандарди и критериуми за оценување во основното образование
**Извори на податоци**
Годишна програма за работа научилиштето, Записници на наставниците и стручната служба, Стандарди и критериуми за оценување, Увид во педагошка евиденција и документација, Е–Дневник, Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, бодовни листи, чек-листи, евидентни листи; контролнитестови и наставни ливчиња), Примери на оценети ученички трудови, Анкети со ученици, родители инаставници, Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители, Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците, Годишен и полугодишен извештај на училиштето, Записници од состаноците на стручните активи, Записници од наставничките и одделенските совети

| | | |
|---|---|---|
| Воннаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализиранитевон наставни активности | **Многу добро**<br><br>Училиштето планира и реализира воннаставни активности (СУА, разни манифестации, натпревари, проектни активности и слично) кои се во согласност со интересите, желбите и потребите на учениците.<br>Училиштето им дава можност на учениците да бидат вклучени во воннаставни активности во зависност од нивните желби и можности, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни образовни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус или од различен етникум. Училиштето нуди избор на различни вонаставни активности.<br><br>**Добро**<br>Училиштето треба да понуди поголем избор на различни вонаставни активности (клубови, проекти и сл.) и да се вклучат поголем број на ученици. |
| | • Опфатеност на учениците со вонаставните активности | **Многу добро**<br><br>Учениците имаат широк пристап до различни вонаставни активности и можат да се вклучат според своите интереси, што ја зголемува нивната мотивираност и чувство на припадност во училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учениците во овие активности се вклучуваат по сопствен избор.Тие се активни субјекти при изборот на активностите и содржините, а наставниците имаат советодавна, координативна улога. Тие преку учество на разни приредби, прослави, манифестации и телевизиски емисии се афирмираат себе и училиштето.Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности. |
| | • Вклученост на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности | **Добро**<br>Учениците имаат можност да се вклучат во изборот на воннаставните активности според своите интереси. Повеќето ученици активно се вклучуваат во овие активности и можат слободно да учествуваат и да даваат предлози за нивното реализирање. Иако постои висок степен на учество и избор, дел од учениците укажуваат на потреба за поголема можност за вклучување во планирањето и организирањето на активностите, со цел секој ученик да се чувствува целосно вклучен и мотивиран. |
| | • Натпревари | **Многу добро**<br>Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно н (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. Училиштето и наставниот кадар се постојана мотивација и поддршка на учествата на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари со цел постигнување високи резултати од различни области, како и афирмација на личноста на ученикот. Има голем број на ученици кои учествуваат на натпревари |

**Документи**

Концепција за воннаставни активности во основното образование

Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование

**Извори на податоци**

Годишна програма за работа; програми за воннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн.

**ЈАКИ СТРАНИ**

- Функционалнаразменанаискуства и информациимеѓунаставници, ученици и родители.
- Примененаразновидниметоди и форминаработа (групнаработа, парови, дискусија, презентации).
- Високонивонаинклузија – индивидуализиранипрограми (ПОП, ИОП), соработкасообразовниасистенти и ресурсницентри.
- Позитивнаатмосфера и довербамеѓунаставници и ученици; учениците се охрабренидапоставуваатпрашања и даизразуваатмислења.
- Учениците јадоживуваатсрединатакакобезбедна, мотивирачка и поддржувачка.
- Систематскоидентификување и задоволувањенаразличнитеобразовнипотреби.
- Речисиситеученицисевклученивовоннаставниактивности.
- Училиштето и наставниците обезбедуваатмотивација и поддршказанатпреваринаситенивоа.
- Учениците сопосебниобразовнипотребисеприфатени и активноподдржанивонаставниотпроцес.

## СЛАБИ СТРАНИ

- Недостигоднавремени и современиобукизанаставниците.
- Делумнареализација и недоволнасистематизацијана МИО (меѓуетничкаинтеграција) активности -нискавидливосткајродители и ученици.
- Потребазапоголемизборнаразличнивоннаставниактивности (клубови, проекти).
- Ограниченавклученостнаучениците вопланирањето и организирањетонавоннаставнитеактивности.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

- Организирање**современи и навременииобуки**занаставниците
- Систематизирање и проширувањена**МИО активностите**, сопоголемавидливост и вклученостнаситеученици и родители.
- Зголемувањена**разновидностанавоннаставнитеактивности** (клубовипоинтереси, проектнитимови, спортски и културниактивности).
- Вклучувањенаучениците во**планирањето и подготовката**напрограмитезавоннаставниактивности, задасезголеминивнатамотивација и чувствонаприпадност.
- Организирањена**отвореничасови**заразменанаискуствамеѓунаставници и ученици.

<table>
<tr><th colspan="3">2 Подрачје: Постигнувања на учениците</th></tr>
<tr><td>Индикатори</td><td>Теми</td><td></td></tr>
| | | постапуваспоредпротоколот за секојоблик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјалниработи, Министерството за внатрешниработи и здравственитеустанови. Децата жртви на насилство, нивнитеродители и/илисведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесувањепоплаки, а во случај на поплака, училиштетопостапуванавремено и непристрасно.<br>Училиштето има процедури за конструктивноработење со сите ученици кои се делод врсничконасилство и со нивнитеродители.<br>Преземените активности придонесуваатданеманасилство во училиштето.ВоучилиштетопостоиТим за превенција од насилство, контактлица за пријавување на насилство, Политика за ненасилство, Правилник за однесување на учениците во кои се пропишани и мерки за ваквиотвид на однесување, Советување на ученици коипријавуваатнесоодветнооднесување , како и одреденианкети и работилници со учениците.Спроведувањето на активноститепридонесуваат за подобрување на состојбата,намалувањенадискриминација и стереотипизирање, намалување на поплаките на учениците и родителите, вклучување на учениците од маргинализирани/ранливикатегории, намалување на случаите на насилство.<br>Анкетирани се вкупно 33 наставници по случаен избор.<br><br>54,5% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека со учениците се спроведува активности на превенција и насилно решавање конфликти, 42,4% од наставниците делумносе согласуваат со тврдењето дека со учениците се спроведува активности на превенција и насилно решавање конфликти, 3,2 % од наставниците целосно не се согласуваат со тврдењето дека со учениците се спроведува активности на превенција и насилно решавање конфликти.<br><br>52,4% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници со врсничко насилство, 42,4% од наставниците делумносе согласуваат со тврдењето дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници со врсничко насилство, 5,2 % од наставниците целосно не се согласуваат со тврдењето дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници со врсничко насилство. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Квалитет на достапна храна | **Многу добро**<br>Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Во соработка со локалната самоуправа за учениците од одделенска настава е обезбеден оброк за месец мај во учебната 2022/23год. Реализацијата на проектот„Оброк за секое дете“ ќе продолжи и следната учебна година. |
| | • Хигиена и заштита од болести | **Многу добро**<br>Хигиената во училиштето е на потребното ниво. Училиштето секојдневно воспитно и образовно делува посочувајќи им на учениците и на вработените како да ја одржуваат хигиената во просториите во кои претстојуваат. Учениците и вработените се грижат и ја одржуваат хигиена во просториите. Подот на училниците, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат секојдневно. Пред почетокот на наставата, по големиот одмор и по заминувањето на учениците. Инвентарот, вратите и прозорците во училишниот простор се чистат според распоред на неделно и месечно ниво. Тоалетите за учениците и наставниците секојдневно се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден. Со реализација на Еко програми се засадуваат дрвца со што се зблогатува хортикултурното уредување. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | **Многу добро**<br>Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи и имунизација на учениците и систематски прегледи на вработените. Училиштето соработува со Општа болница Кавадарци и Завод за здраствена заштита за преземање на епидеимиолошки мерки и дополнителна едукација за здраствено воспитување на учениците и родителите по одредени прашања од ова подрачје.<br>Од Технички институт на Македонија извршени се обуки за безбедност при работа со изработени правилници, со извештај за техничко мерење инсталација,лабароториско мерење на штетни честички во воздухот.<br>Обучени се тројца вработени за користење ПП апарати.Постои план за евакуација со шематски приказ кој се наоѓа на видливо место во училиштето. Училиштето има изведена симулација за постапување во случај на елементарна непогода со сите субјекти.<br>Од Дирекција за заштита и спасување,со потврда се потврдува дека има реализирано показна вежба за заштита од пожари, потврда за работилница за заштита при Прва помош. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | **Многу добро**<br>За учениците кои доаѓаат од социјално загрозени семејства редовно се организираат хуманитарни акции од различен карактер.Во соработка со Црвен крст во училиштето се реализираат хуманитарни акции, а истотака се реализираат и доброволни активности.Во училиштето се реализира обука за Промоција на Хумани Вредности - Црвен Крст во Акција (ПХВ - ЦКА),во организација на Црвен Крст Кавадарци. Со голема мотивација,примена на идеи и креативност, учениците учат како да изработат проект со кој би помогнале на социјално загрозени семејства.<br>Постои записник за реализираните активности. |
| | • Грижа за учениците со здравствени проблеми | **Многу добро**<br>Училиштето т.е наставникот е во постојана комуникација со ученикот којшто отсуствува од настава, електронски му доставува материјали и по враќањето на училиште му одржува дополнителни часови.Одделенскиот т.е.класниот раководител континуирано соработува со стручната служба и останатите ученици за давање поддршка и соработка со ученикот со здравствени проблеми со цел полесно надминување на истиот и побрзо враќање во тековниот наставен процес. |
| | • Грижа за учениците со емоционални тешкотии | **Многу добро**<br>Стручнатаслужба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалнитетешкотии кај учениците. Стручнитесоработници се обученидаимпомогнат на учениците со емоционалнитешкотии и на нивнитеродители/старатели илидагиупатат до релевантнитеинституции (советувалишта, здравствениустанови, центар за социјалнаработа, граѓанскиздруженијаитн).<br>Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционалноучење и подобрување на менталнотоздравје на учениците. |
| | • Давање помош при изборот за продолжување на образованието | **Многу добро**<br>Училиштетонавременоимобезбедува на учениците јасни и точниинформации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организирасопствени активности и користипромотивниматеријали од образовнитеинституции за професионалнаориентација на учениците.<br>Училиштеторедовногиинформирародителите и учениците за помошташтоможатдајадобијатпрекупишани и уснисоопштенија.<br>Училиштетодавапомош на учениците и нивнитеродители/старатели во избор на средноточилиште. |

РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА

**Клучни јаки страни**

• Во училиштето се обезбедуваеднаков и правичентретман на учениците безразлика на етничкаприпадност, пол, социјалнопотеклоилиобразовнипотреби.
• Училиштетоактивногипромовирасвоитепостигнувања и активности прекујавниманифестации, настани и медиумскаприсутност, со што се зајакнувапозитивниотимиџ во локалнатазаедница.
• Обезбедена е безбедна, уредна и стимулативнасредина за учење и работа; се водиконтинуиранагрижа за безбедноста, хигиената и здравјето на учениците и вработените.
• Постоифункционалнасоработкамеѓураководниоткадар, стручнатаслужба, одделенските/класнитераководители и родителите, особено во делот на индивидуална поддршка на учениците.

**Слаби страни:**

• Недоволно систематизирана и структурирана вклученост на родителите во планирањето и реализацијата на воспитно-образовните активности.
• Ограничени можности за активно учество на родителите во процесите на донесување одлуки и во креирање училишни иницијативи.
• Нема воспоставен јасен механизам за следење и евалуација на степенот на родителска вклученост.

**Препораки:**

- Да се воспостави структуриран модел за активно учество на родителите преку редовно собирање, евидентирање и анализа на нивните предлози на родителските средби, како и утврдување временска рамка за реализација на прифатенитеиницијативи.
- Да се изработи и имплементира Годишен план за родителска вклученост кој ќе предвиди конкретни активности, работилници, учество во проекти и волонтерски ангажмани согласно интересите и компетенциите на родителите.
- Да се воведе механизам за следење и евалуација на степенот на родителска вклученост преку анкети, анализа на присуство и периодични извештаи, со цел проценка на влијанието врз училишната клима и постигнувањата на учениците.

- Да се зајакне двонасочната комуникација со родителите преку користење дигитални алатки, редовни информативни содржини и транспарентно информирање за тековните активности и резултатите на училиштето.
- Развивање на партнерскимодел на соработка со родителитепрекунивноактивноучество во планирање, реализација и евалуација на училишните активности.

## 4. Подрачје: Управување, раководење и креирање политики

Училиштето е основано со акт на Собранието на општина Кавадарци бр. 01-551/1 од 6.2.1984 год. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр. 10-2745/1 од 1992 издадено од Министерството за образование и наука.

| | | |
|---|---|---|
| | **4.1. Управување и раководење со училиштето** | |
| **Индикатори**<br><br>**Управување и раководење со училиштето** | **Теми**<br>**• Управување со училиштето** | **Многу добро**<br>Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор (УО) составен од 7 члена со право на глас и тоа:1претседател на УО претставник од родителите 2 члена претставници од наставниците (избрани на седница на Наставнички совет), 3 члена претставници од родителите на учениците, 1 член од основачот (Општина Кавадарци - како носител на основачки права) 2 ученици од ученички парламент Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива -член 106 став 2, 4, 5 и член 107 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019 год.).<br>Сепак, иако Законот за основно образование ги дава генералните рамки за избор на членови на УО, во Статутот на училиштето е предвиден дел за регулирање на начинот и постапката за именување на наставници, стручни соработници, воспитувачи и родители/старатели за членови на УО (Член 107, став 4, Службен весник бр. 161 од 5.8.2019). Имено, членовите 26 став 2 и 27 став 2 од Статутот на училиштето, кои гласат:„**Наставничкиот совет се состанува во текот или на крајот од учебната година кога завршува мандатот на член/членови на училишниот одбор и на наставниците, стручните соработници и воспитувачите им се дава можност да ја презентираат својата кандидатура за член на училишен одбор, по што се пристапува кон тајно гласање“** и „**Советот на родители се состанува во текот или крајот од учебната година во која завршува мандатот на членовите на училишниот одбор и на родителите, односно старателите им се дава можност да ја презентираат својата кандидатура пред Советот на родители, по што се врши избор по пат на тајно гласање“**не се почитуваат во делот презентирање на кандидатурата, поради тоа што не постои практика на кандидирање пред одржувањето на состаноците за избор на член на УО.<br>Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа. Со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури Училишниот одбор |

| | | |
|---|---|---|
| | | има воспоставено партнерски однос,а соработката е на солидно ниво. Нема случаи на одложување или неодржување седници поради немање кворум за работа.<br>Во однос на транспарентноста при работењето, не постои редовна практика на објавување заклучоци од седниците на УО.<br>Постои парцијална практика на споделување одлуки кои ги носи Училишниот одбор, која не е редовна и конзистентна, а ја дозволува членот 24 од Деловникот, кој на УО му дава дискреционо право да споделува само одлуки за кои цени дека е потребно.<br>Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите (член 108 од ЗОО) преку прирачници, законот за Основно образование и други подзаконски акти, но не сите имаат завршено обука преку која би ги развиле и подобриле своите компетенции. Иако членовите на УО се придржуваат кон Деловникот за работа, работењето е формално-правно и недостасува проактивен став со кој УОќе придонесе во креирањето краткорочни и среднорочни политики за развој и унапредување на училиштето.<br>Членовите на училишниот одбор ги разгледуваат и/или им се презентираат програмските документи на училиштето пред нивно усвојување.<br>Трошењето на буџетот Училишниот одбор го следи на годишно ниво, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Статутот на училиштето (дел.бр.01-37/3 од 23.1.2020 год.), во член 32, став 2 предвидува дека седница на УО се свикува по потреба, но најмалку еднаш во месецот.<br><br>Училишниот одбор успешно соработува со раководниот орган, Советот на родители, локалната самоуправа и со други институции. Орган на раководење на основното училиште е директорот. Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Визијата на директорот е современо, иновативно, отворено училиште свртено кон промени кои придонесуваат за создавање на поквалитетен наставен процес во чиј центар е ученикот со развиена свест и надминати предрасуди. Училиште по мерка на детето, место каде со задоволство соработуваат учениците, наставниците и родителите, место каде се одвива креативна настава, здрава училишна клима соученици подготвени за доживотно учење.<br><br>**Многу добро**<br>Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во |
| | **• Раководење со училиштето** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **• Раководење со кадарот** | тимската работа преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи и промовира добра пракса што постои во училиштето преку секојдневна комуникација со вработените. Информирањето на останатите структури во училиштето го врши со директна комуникација, преку соопштенија на огласна табла, веб страна, електронска пошта (e – mail), телефонски разговори и состаноци на стручните органи.<br>Директорот има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Добро раководи и има определби кон покачување на стандардите и за професионално усовршување на наставниците и развој на учениците преку споделување на искуства, следење на обуки организирани од МОН, БРО и други акредитирани институции.<br>Директорот ги идентификува добрите и слабите страни во подрачјата на делување на училиштето и благовремено предлага акциски планови за подобрување во одредени подрачја или нивни сегменти. Директорот иницира и воспоставува продуктивна соработка со непосредната и пошироката заедница. Раководниот тим соработува во размена на идеи и разрешување на проблеми преку одржување на состаноци. Членовите воглавно редовно се присутни на состаноците, а отсутните се евидентираат во записник. Состаноците се водат според дневен ред. Информациите се даваат преку: огласна табла во наставничка канцеларија, огласна табла во училишен хол, разгласна станица, писмена форма до субјектот. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации.<br>Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи, како на пример еТвининг проектни активности, партнер училишта за проектот за меѓуетничка интрерграција во образованието-ООУ „Крсте Петков Мисирков“-Радовиш, збратимување со училишта од регионот, како што е ОУ „Мирослав Антиќ“-Ниш, Р. Србија и „Михаил Еминеску“ – Рошиори Де Веде, Романија.<br>**Многу добро**<br>Што се однесува до човечките ресурси, училиштето располага со наставен кадар, кој е соодветен по норматив, квалитетен и компетентен за реализација на сите наставни планови и програми, како и компетентни стручни соработници. Во училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Во последно време има одредени кадри кои се дефицитарни, но сепак досега училиштето успешносе справува.<br>Училиштето е соодветно екипирано и со административен и помошно-технички персонал.<br>Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Најголем број од наставниците сметаат дека училиштето ги поттикнува стручно да се усовршуваат. Постои практиказа вршење дисеминација на обуки, иако не секогаш конзистентна и по сите правила. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите, образовните реформи и совремeнтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.<br>Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот кој внесува ефективни иновации во работата и не постои практика на давање фидбек во насока на мотивација на вработените. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.<br>Училиштето нема интерен документ за организација и реализација на приправничкиот стаж, но се почитува Правилникот за програмата за полагање на стручниот испит на наставник-приправник и стручен соработник-приправник од Министерството за образование и наука. https://mon.gov.mk/stored/document/pravilnik-programa-za-pripravnicki-ispit.pdf<br>Од стручните органи во училиштето функционираат: Наставнички совет, Одделенски совет, Стручен актив на наставници од одделенска настава и Стручен актив на наставници од предметна настава. Надлежностите на овие стручни органи се утврдени со Статутот на училиштето. Нивните активности се планирани со Годишната програма заработата на училиштето. Сите постигања на директорот, Советот на родители и стручните органи се поткрепени со соодветна документација.<br>Советот на родители се состои од по еден претставник од секоја паралелка избран од страна на родителите на училиштето. Советот на родители ги разгледува состојбите на успехот и поведението на училиштето и предлага мерки за нивно подобрување, врши други работи кои се од интерес за остварување на воспитно - образовната работа во училиштето. Советот на родители има свој Деловник и своја Годишна програма за работа.. На голем број седници се расправа по прашања предложени од родителските совети. По потреба на седниците или работилниците се |

| | | |
|---|---|---|
| | | вклучуваат наставници и стручната служба. Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие пред се, се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на целите на училиштето и се запознати со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (наставниците, учениците, родителите и локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. Во Годишната програма се предвидени целите, а Програмата за развој е посебен документ за образовната политика на училиштето. Директорот редовно доставува извештај до надлежните органи за успехот и постигањата на образовната работа. Годишна програма, извештај за материјално работење и сл. до Општината, МОН, БРО. Раководниот тим (директор, Училишен одбор) во соработка со Ученички парламент, Наставничкиот совет и Советот на родители води политика за креирање на акти и документи кои ќе ги регулираат прашањата во врска со однесувањето на учениците (дисциплина, поведение, почитување на половите, расните и верските разлики). - План за заштита и спасување; - Правилник за заштита од пожари и други природни непогоди; -Правилникот за пофалби, награди и педагошки мерки . Во нашето училиште се креира политика врз основа на доброто раководство во училиштето вклучувајќи ја ефикасноста и одговорноста на истата. Од големо значење во креирање на училишната политика е раководството на Училишниот одбор, работата на директорот, педагошко-психолошка служба и наставниците. Училишната политика во нашето училиште се креира врз основа на делегирање на одговорностите и комуникацијата при донесување одлуки и нивно пренесување. Делегирање на одговорностите се остварува на: Наставничките совети, Одделенските совети, состаноците на Училишниот одбор, Советот на родители и ученички парламент. Индикатор за квалитет е констатираната состојба и кои информации се собрани. Креирањето на училишната политика во училиштето се остварува врз база на договор меѓу субјектите односно меѓу наставниците, родителите и учениците. Информирањето за училишната политика се остварува преку состаноците на Наставничкиот совет, Одделенски совет, Совет на родители, ученички заедници, |

| | | |
|---|---|---|
| | **• Управување и раководење со ресурсите** | преку соопштенија, информативни катчиња, огласна табла и друго. Во нашето училиште за унапредување на здравјето се организираат многубројни стручни предавања: лица од надвор, практични вежби (ПКЦ),предавања за подобрување на здравјето. Во Годишната програма за работа на училиштето сосема јасно се дефинирани и програмирани образовните политики на училиштето во сите подрачја и во неа е содржано интегрирањето на еколошката едукација во образовниот систем.<br>Во училиштето се спроведува планот за заштита и спасување, едуцирани се тимови за укажување на прва помош и се изведуваат вежби преку активности за прва помош и евакуација. Секоја година се врши обука на вработените за ракување со противпожарните апарати во училиштето. За разрешување на локалната проблематика имаме континуирана соработка со локалната заедница. Исто така, во нашето училиште се организира активна и интерактивна настава. Се организира и реализира додатна настава. Се организираат и семинари за едукација на наставниците преку програмата на TIMS за запознавање на наставниците со дијагнозата и реакциите на децата со посебни потреби и оспособување на наставниците за подобра стручна комуникација со овие деца. Постои и добра соработка со родителите на овие деца. Училиштето практикува промовирање на образовните политики преку најразлични форми: прикачување документи на веб страната, издавање на брошури, истакнување на постери, презентации, училишен весник и слично.<br><br>**Многу добро**<br>Директорот прави напори за максимално искористување на расположливите ресурси и набавка на нови. Како предизвик го наведува оспособувањето на нови простории за изведување на наставата и вонннаставните активности за оптимално задоволување на потребите на учениците. Во училиштето се изготвува план и распоред за користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Училиштето преку Советот на родители планира, а преку средства од одобрениот буџет и сопствената сметка обезбедува потрошен материјал и наставни средства за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>Училишната библиотека/медиатека има читална, која е модерно уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет, библиотечната евиденција, според библиотекарот, се води во согласност со Законот за библиотеките. Сепак изостанува водење електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и |

<table>
<tr><td></td><td>• Следење и унапредување на наставниот Процес</td><td>работи во согласност со распоредот за работното време на библиотекарот. Учениците во секое време можат да земат книга/лектира од училишната билиотека.Поголем број од нив сметаат дека е место каде можат да читаат и учат во пријатна атмосфера.<br>Училишната библиотека располага со лектирни изданија кои го задоволуваат капацитетот за работа, секоја паралелка да работи со различна содржина. Постои недостиг од учебници кога има бројна разлика во генерациите и заради оштетеност и дотраеност.<br><br>Многу добро<br>Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат чек-листи како подготовка за успешно следење на наставниот час.<br>Во поглед на унапредување на наставниот процес постојати иницијативи од долу нагоре. Најчесто се следат и применуваат насоките од БРО и МОН.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извори на податоци<br>Деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор ; развојна програма на училиштето; програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; докази за вклчученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2">4.2. Цели и креирање на училишната политика</td></tr>
<tr><td>Индикатори<br><br>Цели и креирање на училишната политика</td><td>Теми<br>• Процедури за креирање на училишната политика</td><td>Многу Добро<br>Во училиштето постојат активности за долгорочно планирање. Планирањето се базира врз основа на добиените податоци од: сите наставници кои што се вклучени во наставните и вонннаставните активности,наставниот план и програма, годишниот календар за работа,проекти во училиштето, годишните извештаи за работата на училиштето, извештај од интегрална евалуација и самоевалуација.Во креирање на училишната политика освен директорот како раководен орган, учествуваат и стручната служба со свои сугестии,УО и Наставничкиот совет на училиштето.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | За да биде планирањето реално однапред вршиме анализа на претходната Годишна програма на училиштето. Ги утврдуваме приоритетите и со одредени дополнувања ги прифаќаме за следната година. Училиштето нема пропишани процедури за донесување училишни политики т.е. не постои утврдена рамка за донесување конкретни одлуки и креирање политика. Постојат пишани документи, при чие донесување најчесто и во најголема мера се вклучени раководните структури, а иако постои вклученост и на другите чинители, таа не секогаш, но мошне често е од формален карактер.<br>Практични инструменти кои ги вклучуваме за следење на напредокот на планирањето се: - Состаноци на кои вршиме анализи и самоевалуација; - Годишни извештаи на наставниците; - Педагошка евиденција; - Тематски, неделни и дневни оперативни планови; - Е - Дневници ; - Посета на наставните и воннаставните активности. |
| | **• Резултати од развојно планирање** | **Многу Добро**<br>Целите на развојното планирање се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивно поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Во развојниот план се застапени стратешки цели. Динамиката на остварувањето на развојниот план ја следат директорот, педагошко психолошката служба, Училишниот одбор и координаторите на училишните тимови според планови за следење и евалуација.<br>Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот и има изготвено програма. Училиштето има воспоставено систем за дисиминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат.<br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување на инфраструктурата и обезбедува сопствени и средства од донатори за наменско инвестирање во истата. Училиштето има воспоставена соработка со Локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. Развојната програма за периодот 2023-2027 година ги предвидвува следниве стратешки и развојни цели:<br>1.Подобрување на квалитетот на наставата: Користење на современи форми и |

| | | |
|---|---|---|
| | | методи на настава од сите наставници; набавка на аудио-визуелна опрема, нагледни средства и технички помагала за потребите на наставата<br>2.Професионален развој:Континуирана едукација заподобрување на стручните квалификации на наставниот кадар од училиштето<br>Целите во развојната програма се конкретни и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето.При нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница.<br>Поголем број од засегнатите страни, наставници, родители и ученици се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.<br>Поголем број од чинителите се информирани кои активности ги планира училиштето за следниот период. |
| | **• Планирање и управување со училишниот буџет** | **Многу добро**<br>Засегнатите страни делумно се информирани за училишниот буџет и трошењето.<br>Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски за равојот на училиштето во целина, и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето како и за подобрување на постигнувањата на учениците.<br>Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |

**Документи**
Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
**Извори на податоци**
Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој;

**Резултати**

**Јаки страни:**

- Добрасоработкапомеѓудиректорот на училиштето, претседателот и членовите на Училишниотодбор,

- Континуиранасоработка со локалнатасамоуправа на општината, ДПИ, БРО и МОН,
- Современоуреденаучилишнабиблиотека/медиатека со читална, којарасполага со компјутер и има пристап до интернет
- Програмата за професионален развој на наставниците и стручнитесоработници е изготвена врз основа на нивнителичниразвојнипланови
- Ситенаставници се третираатправично и еднакво,
- Вработенитеучествуваат во донесувањето на значајниодлуки,
- Постојатправилници во врска со: дисциплината и поведението на учениците, дежурство на наставниците, правилнапримена и користење на компјутерите, за организирање на екскурзија и др. и ситетиередовно се применуваат,
- Постојат активности за грижа и унапредување на здравјето на учениците и разрешување на кризнитесостојби,

**Слаби страни**

- Потреба од развивање систематизиран модел за препознавање и вреднување на професионалните достигнувања на вработените.
- Потреба од унапредување на транспарентноста во информирањето на вработените за буџетското планирање и реализација.
- Потреба од дополнителноформализирање и стандардизирање на процедурите при иницирање и донесување училишни политики и интерни одлуки.

**Предлог мерки**

- Да се воспостависистем за професионалнопризнание и мотивација на вработенитепрекујаснодефиниранкритериуми, периодичнојавноистакнување на постигнувањата и обезбедувањееднаквимoжности за сите.
- Да се воспоставипрактика на редовноинформирање на вработените за буџетскотопланирање и реализацијапрекуизвештаи, состаноцииилиинтерниинформативниматеријали, согласнозаконскитенадлежности.
- Да се изработат и формализираат јасни процедури и протоколи за иницирање, разгледување и донесување училишни политики и интерни акти, со вклучување на релевантните училишни структури.

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Училиштето “ Тошо Велков – Пепето“ ја изврши својата самоевалуација врз основа на Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта, донесен врз основа на член 129 од Законот за основно образование (“Службен весник на Р.С.Македонија, бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25).За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и новите индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ и МЦМС.

Со цел поголема ефикасност во работењето комисијата задолжена за спроведување на самоевалуацијата на училиштето,согласно акциониот план изготвен за реализација на истата, формира работни групи по подрачја со по еден член како одговорно лице, кои имаа средби на ниво на одговорни лица, средби и работни состаноци со комисијата за самоевалуација, а потоа и одделно во групи по подрачја, како и предавања на кои беа запознати со структурата, целта и задачите, но и за процесот на самоевалуацијата на училиштето. Се изврши и проверка на потребната документација која послужи за добивање и користење на повеќе податоци. Се спроведуваа анкети со ученици, наставници, родители и директорот. Добиените податоци беа обработени, анализирани и со тимска работа и корелација врз нивна основа се донесе горенаведениот извештај.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и поквалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на три нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува) според однапред определените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка – **многу добар.**
Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите четири подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

**ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ**

- Организирање**современи и навремениобуки**занаставниците
- Систематизирање и проширувањена**МИО активностите**, сопоголемавидливост и вклученостнаситеученици и родители.
- Зголемувањена**разновидностанавоннаставнитеактивности** (клубовипоинтереси, проектнитимови, спортски и културниактивности).
- Вклучувањенаучениците во**планирањето и подготовката**напрограмитезавоннаставниактивности, задасезголеминивнатамотивација и чувствонаприпадност.
- Организирањена**отвореничасови**заразменанаискуствамеѓунаставници и ученици.
- Зголемување на **соработката со родителите на учениците од ромска етничка припадност**, за да се подобри нивната редовност во наставата
- **Вклученост на родителите** во севкупниот воспитно - образовен процес на училиштето

- **Конзистентнообјавување** на одлукитекоигидонесува УО, за кои е потребнодабидатинформиранизасегнатитестрани
- Воспоставување**практика за оддавањепризнанија и мотивација на кадарот** и еднаквиможности за тоа
- Подобрување на условите за **реализација на натпревари** и проектни активности во училиштето.

Комисија за изработка на самоевалуација на училиштето:

- Лилјана Шемова – педагог
- Верџинија Стојкова – психолог
- Зорица Милкова – наставник ментор/одделенски наставник
- Орхидеа Димовска – наставник по биологија
- Стефан Ацев – претседател на Совет на родители

Претседател на УО

________________________

/ Виолета Ангелова/

Директор

___________________

/ Диме Мулкаетов /